## Emilja Petreska-Kamenjarova


**From:** Marija Baseska <marijabaseska@yahoo.com>
**Sent:** четврток, 11 јуни 2015 10:25
**To:** e.petreska-kamenjarova@avmu.mk
**Subject:** Marija Basheska MRTV



Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.06 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 3949 | 1 | |


Почитувани,

чувствувајќи обврска и задоволство,сакам да Ве информирам дека темата за која не повикавте да дадеме свои мислења и искуства е повеќе од значајна.Како долгогодишен новинар и уредник на единствената специјализирана емисија ,,Светот на тишината,, која на програмата на МРТВ се подготвува речиси 30 години , со сите свои специфичности при снимање,монтажа и реализација ми дава за право да се вклучам во ова ,давајќи искрени предлози за подобрување на достапноста на медиумите до гледачите со оштетен слух и говор во Македонија.
Имено,она што е обврска на јавниот сервис а би требало да биде и на сите кои стекнаа статус на национални телевизии (сител,канал 5 ,алфа,телма) е да обезбедат вести кои ќе бидат прилагодени на Македонски знаковен јазик ,што подразбира дневно да се емитуваат на најдостапен начин (на кој ни сугерираат глувите лица),во време кога и тие би можеле да ги проследат.
МТВ еднаш дневно во 15 час. емитува 20 мин вести преведени на знаковен јазик,а овој пример треба да го следат и да се охрабрат и другите телевизии..Постојат повеќе аспекти што треба да се обезбедат и сите неопходни услови за квалитетна реализација.
- Вториот предлог е да се размисли како се чувстсвуваат глувите и наглувите лица, кога имаме избори,независно дали се претседателски,парламентарни,локални....
Со оглед на тоа дека ги повикуваме да го дадат својот глас за некого,останува дискутабилно како да го направат тоа,кога ниту една телевизија (и покрај огромните ресурси кои се впрегнуваат за тоа) не создава простор политичките програми и ветувања да им бидат достапни,па така сами да можат да одлучат на кого ќе му веруваат...
МТВ имаше еден таков пилот- проект при претседателските избори во 1998 год. и ТВ дуели на претседателските кандидати ги почести и глувите гледачи со превод,а реакциите на задоволство за сработеното беа огромни...И толку...наместо тоа да стане пракса што ја има во секоја цивилизирана држава,ние останавме со сеќавањето дека законски сме должни тоа да им го обезбедиме,но кога и како?
Бидејќи турските серии станаа препознатлива и задолжителна програма (со исклучок на МТВ) се отиде на варијанта истите да се надсинхронизираат што и не е лошо.Но,им се скрати можноста на глувите да читајќи ги следат,сега се се сведе на слика без текст.Предлагам да има титлување и надсинхронисација и на други ТВ филмови за да можат и слепите и глувите лица да ги восприемаат (едните преку слушање,другите со гледање).
Недостига превод на емисии од сите области:култура,политика,економија,спорт и др.
Исто така, за нормално функционирање на глувите во медиумите и нивно директно учество во емисии и програмски содржини,потребно е да се обезбеди од страна на државата финансиска поддршка за толкувачите на знаковен јазик.
Само за споредба,во Македонија е донесен закон за примена на знаковниот јазик но не е прецизирано кој ќе го плати трудот на толкувачот кој е огромен особено кога тој застанува пред камерите...и од тие причини најлесно им е на телевизиите да прећутат кога станува збор за ваква потреба,бидејќи ќе ги изложи на мин.трошок.
Глувиот човек има многу што да каже и за политичките и за општествените состојби во државата,особено сега кога имаме млади лица со оштетен слух кои дипломираа и се стекнаа со високо образование.Никој од колегите новинари неможе да ги интервјуира бидејки не е решено како глувите ќе контактираат или соработуваат со медиумите.Досега,за нив се зборува само кога сензационалистички...
Треба да зајакнат капацитетите како во медиумите така и во Националниот сојуз на глуви и наглуви лица на Македонија.Секоја институција има свој гласноговорник или портпарол,а во државната организација која треба да ги штити интересите на глувите нема портпарол.И ако некоја радио или телевизиска куќа сака да покани или обезбеди став на сојузот за одредени прашања, тоа се прави пионерски и апансас. сакам да речам дека е потребна трансформација како кадровска така и ментална..
Се разбира дека ако го прочитаме законот во него убаво се дефинирани обврските кои најбрзо треба да ги исполниме.Ако на годишно ниво би побарале опсежна анализа за секој медиум поединечно што направил за гледачите или ,,слушателите,, со попреченост во слух ,говор и глас ,јасно ќе ги имаме визиите каде сме и што се случува на тој план.
МТВ останува да биде сојузник кој одамна ги апсолвира овие човечки потреби кои може да бидат ,,сечии,,....

Со почит

Марија Башеска Стојановска
-- ISP Neotel Skopje This message has been scanned for viruses and dangerous content by ISP Neotel E-Mail Security System and is believed to be clean.